**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6545 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, кој емитува програма на македонски и на албански јазик, на регионално ниво (Д2), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на дневно-информативната емисија, Дневник во 20 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 12 минути и 48 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| К ТРИ ТВ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:02:47 | 100.00 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:02:47** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:23 | 3.82 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:44 | 7.56 | % |
| Други субјекти | 00:18:23 | 50.83 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:51 | 24.47 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:58 | 2.67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:58 | 2.67 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:39 | 4.56 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:14 | 3.41 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:36:10** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:18:05 | 36.51 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:59:32 | 55.90 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:56 | 1.84 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:22 | 0.17 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:03 | 0.96 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:04:09 | 1.94 | % |
| Левица | 00:04:45 | 2.22 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:07 | 0.05 | % |
| Беса | 00:00:52 | 0.41 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:33:51** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **04:12:48** | | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 3 часа 33 минути и 51 секунда (Табела 1). Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ К ТРИ емитува програма на подрачјето на две изборни единици – ИЕ2 и ИЕ3. Во ИЕ2 се кандидираа сите учесници во изборниот процес освен ПДП. Во ИЕ3 се кандидираа 8 учесници во изборниот процес (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, ДПА, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ).

Времето за информации од кампањите е распределено на следниов начин: за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 59 минути и 32 секунди (55,90%); за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 18 минути и 5 секунди (36,51%); за Коалицијата ВМРО за Македонија - 2 минути и 3 секунди (0,96); за Коалицијата за промени и правда - 4 минути и 9 секунди (1,94%); за Демократска партија на Албанците 3 минути и 56 секунди (1,84%); и за Левица - 4 минути и 45 секунди (2,22%). Движењето Беса, Коалицијата „Алијанса за Албанците" и Демократска унија за интеграција, се само спомнати во вестите. Воопшто нема информации за Либерална партија.

За активностите на власта е информирано со времетраење од 2 минути и 47 секунди (Табела 1), преку прилог за посетата на заменикот министер за внатрешни работи Оливер Андонов во СВР Куманово во врска со „безбедноста на североисточниот дел од Македонија за подготовките за избори и прекинување со мобингот на полициски службеници".

Прилозите за другите теми поврзани со изборите, а кои се обработени преку информативни жанрови, сочинуваат 36 минути и 10 секунди од вестите (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за активностите на граѓанскиот сектор; на ДИК, на дел од учесниците во изборниот процес; на локалната самоуправа; и на други субјекти. Учесниците во изборниот процес се присутни преку прилог за започнување на предизборната кампања и со најави за првите митинзи. Информациите во кои субјект е ДИК говорат за: изборот на печатницата Киро Дандаро од Битола која ќе го испечати доверливиот материјал и избирачкиот список за парламентарните избори; потоа за одлуката на ДИК за акредитирање на набљудувачи на изборите, за заклучениот избирачки список и за бројот на гласачи со право на глас; за преземените мерки за спроведување на изборите и сл. Граѓанскиот сектор е присутен преку информациите за активностите на Здружението „Инклузива" од Куманово, кое имплементира проекти и обуки за гласање на парламентарните избори на лицата со попреченост. Најмногу време од овој сегмент во вестите е посветен на категоријата „други субјекти", каде спаѓаат прилозите за соопштенија од заменикот Народен правобранител Насер Весељи со апел до граѓаните за помасовен одзив на изборите, како и со повик да укажат на какви било нерегуларности или прекршување на нивното право на глас за претстојните избори. Овој дел содржи и анкети на терен со граѓаните во врска со теми поврзани со изборите. Странските политичари се застапени преку прилогот за Српската партија ДВЕРИ, преземен од *Република*, каде е пренесено интервју со Срѓан Ного во врска со кампањата на СДСМ: „Српската партија ДВЕРИ ја потврди кражбата".

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 58 минути и 49 секунда (53,00%) и за Коалицијата предводена од СДСМ – 38 минути и 43 секунди (34,89%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| К ТРИ ТВ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:58:49 | 53.00 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:38:43 | 34.89 % |
| Други субјекти | 00:02:29 | 2.24 % |
| Левица | 00:03:53 | 3.50 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:02:14 | 2.01 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:13 | 1.10 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:41 | 0.62 % |
| Граѓански сектор | 00:00:51 | 0.77 % |
| Локална самоуправа | 00:00:35 | 0.53 % |
| Беса | 00:00:34 | 0.51 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:56 | 0.84 % |
| | **Вкупно: 01:50:58** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во мониторираниот период емитувана е една дебатна емисија на 23 ноември 2016 година (како прилог од емисијата Триаголник на К3 ТВ со почеток од 14 часот и 6 минути). Учесници во емисијата беа: претставничка од ГРОМ - Марта Цветковска и портпаролот на ЛДП - Филип Јаневиќ. Дебатираа за претстојните парламентарни избори, за проблемите на граѓаните во Македонија и за тоа што тие предвидуваат во своите програми.

*Интервјуа*

Интервјуата како форма на посебна информативна емисија, доминираат на оваа телевизија во текот на изборната кампања. Застапени се со едно оригинално интервју дневно, и две репризи, а како гости се избрани аналитичари или политичари кои се вклучени во кампањата или пак претставници на органи на власта и сл. Покрај емисиите Радио Полиграф и Круг (каде гости се аналитичарите Петар Арсовски, Александар Даштевски, Цветин Чилиманов), во текот на кампањата, интервјуата се форматирани во едно часовен термин под наслов *Парламентарни избори 2016*. Интервјуа се направени со: лидерот на ГРОМ Стевче Јакимовски (23 ноември 2016 година); Иван Стоиљковиќ – кандидат за пратеник во ИЕ2 од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (25 ноември 2016 година); заменикот министер за економија Христијан Делев (26 ноември 2016 година); Зоран Георѓиевски - кандидат за пратеник од ИЕ2 од Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (26 ноември 2016 година); Владимир Пешевски - вицепремиер на Владата и член на извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ (28 ноември 2016 година); Трајче Стојанов - носител на изборна листа од ИЕ2 на Левица (29 ноември 2016 година); Љупчо Димовски, кандидат за пратеник од ИЕ1 од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (30 ноември 2016 година); Оливер Спасовски, кандидат за пратеник и носител на изборна листа од ИЕ2 од Коалицијата на СДСМ (1 декември 2016 година); кандидатот за пратеник од Коалицијата на СДСМ Лидија Тасевска (2 декември 2016 година); кандидатот за пратеник од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ Драган Петковски (3 декември 2016 година); кандидатот за пратеник од Коалицијата на СДСМ Мартин Захариев (4

декември 2016 година); кандидатка за пратеник од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ Слаѓана Митовска; (5 декември 2016 година); кандидатот за пратеник од Коалицијата на СДСМ Максим Димитриевски (6 декември 2016 година); генералниот секретар на ГРОМ Виктор Цветковски (7 декември 2016 година).

*Други информативни програми*

Во текот на изборната кампања, медиумот емитуваше информативни емисии преземени од Радио Слободна Македонија. Станува збор за „Радио Бурек" со Јанко Илковски и „Квинтесенција" со Ацо Станковски во кои се говореше на различни теми поврзани со локалната и глобалната политичка ситуација, воедно и за изборите.

***Други програми***

Прикажан е и документарецот „Светот на Сорос" во два дела, со неколку репризни изданија. Првиот дел премиерно се емитуваше на 1 декември 2016 година, а премиерата на вториот дел беше на 3 декември 2016. Сценаристи на документарецот се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков, додека во филмот говорат аналитичари, новинари и професори - Мирка Велиновска, Драган Павловиќ Латас, Татјана Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Миленко Неделковски, Владимир Божиновски, Зоран Витанов, но и неколку странски аналитичари и новинари.

***Сектор за програмски работи***